## ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

**Час:** 3
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 3 - програма за мултимедијални презентации
**Наставна содржина:** Креирање и активирање едноставна презентација
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да може да креира едноставна мултимедијална презентација
**Очекувани резултати:** Форматира текст во слајд, менува големина и позиција на рамка со текст
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална и работа во парови
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, модифицира текст во презентација

## ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Воведна активност:** Водиме дискусија за наученото од минатиот час со прашањата:

- Од што се состои презентацијата?
- Што се слајдови?
- Што означува зборот „мултимедијална“?
- Кога употребуваме ваква презентација?
- Како се вика програмата за креирање мултимедијални презентации?

**Учечко – поучувачки активности:** Ја отвораме презентацијата за соседите на РМ што ја креиравме претходниот час.
МЕНУВАЊЕ НА ФОРМАТ НА ТЕКСТОТ
Ги разгледуваме алатките што се наоѓаат во алатникот за форматирање. Со нив можеме да форматираме текст и да смениме:

- тип и големина на фонт;
- стил на фонт (задебелен, курзив и подвлечен);
- да додадеме сенка на буквите;
- да смениме порамнување на пасусот (лево центриран, десно центриран, центриран во средина, двострано центриран);
- боја на фонт и др.

Пред да ги направиме сите овие форматирања на текстот, прво треба да го селектираме.




obrazovanie.literatura.mk

МЕНУВАЊЕ ГОЛЕМИНА И ПОЗИЦИЈА НА РАМКА СО ТЕКСТ
Што е рамка со текст? За да ја смениме позицијата на рамката на која има текст, доволно е еднаш со лев клик да се кликне било каде во неа, потоа треба да го движиме курсорот до рамката. Кога курсорот ќе се претвори во раче, со техниката влечи-и-пушти, ја менуваме неговата позиција.
Освен позицијата, на рамката со текст може да се промени и големината. За да ја смениме големината на рамката на која има текст, доволно е еднаш со лев клик да се кликне било каде во неа, потоа треба да го движиме курсорот до рамката. Кога курсорот ќе се претвори во раче, кликаме еднаш со лев клик врз рамката и се појавуваат 8 зелени квадратчиња, со кои ја менуваме големината на рамката.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ - Учениците работат во парови:
- форматирање на текст;
- менување големина и позиција на рамка со текст.

**Активности за евалуација:** Ја пуштаме изработената презентација на еден од трите начини:
1. Избор на Приказ – Слајд – шоу
2. Избор на Слајд – шоу – Слајд – шоу
3. Со притискање на тастерот F5

Датотеката со креираната презентација се зачувува.

obrazovanie.literatura.mk